

# ПОРТРЕТ · ДЛУБ 2001



**СЕПТЕМВРИ 2001**

*ЛИКОВЕН САЛОН НА ДЛУБ - БИТОЛА*

БИТОЛА

Човекот со своите анатомски карактеристики на телото и изразни духовни специфики на физиономијата на ликот, преставува еден од најчестите ликовни мотиви во македонската современа уметност. Ликовниот текст кој го сочинуваат линијата, бојата и волуменот, обработката на физичкиот и особено на духовниот карактер на моделот, преставува најбогата инспиративна можност при изработка на секој портрет. Изложбата на битолските ликовни уметници преставува избор на самостојни портретни и автопортретни ликовни реализации (работени низ подолг временски период) кои ги одсликуваат развојните тенденции и индивидуалните ликовни ракописи во оформувањето на уметниковата личност.

Во желбата да влезат во својата внатрешна психичка состојба и да откријат пред светот како сами гледаат на себе, повеќе ликовни уметници излагаат свои автопортрети. Овие ликовни документи ја откриваат псхичката состојба на уметникот во одреден период, нивните визии кон животот и уметноста изразени низ индивидуален ликовен ракопис. Во автопортретот на Илија Кочовски е присутна комбинација на експресивна реалност со извесна доза на романтичност. Ристо Димовски комбинира фотографско-иконографски реализам со романтизам. Драган Најденовски внесува нов реализам, додека Стојан Апчевски се задржува на експресионистички пристап кон карактерот.

Портретите преставуваат поедини личности, видени низ специфична површина, боја, форма и линија која уметникот ја определува како најадекватна за одредениот модел. Експресијата на бојата ја определува главната карактеристика на портретот изработен од Димитар Кочевски-Мичо. Александар Поповски создава интимен, лирско-романтичен портрет, додека Кирил Гегоски низ експресијата на динамичната линија ги оформува јаките контури на портретот. Павле Кузмановски внесува лирско-романтична експресивност, а Оливера Канинска-Оља портретот го создава низ иконографска романтика.Реални ликови работаат: Мустафа Асим ( со меко и нежно обликување на фигурата); Панде Петровски (со експресивно колористичко оформување на ликот); Дунимагловски Благој и Котевски Владе ( со реалистичко колористички третман). Илустративна конотација е присутна во портретот на Сотировски Александар. Единствените скулпторски решенија на Димовски Сотир, работени се во духот на академскиот реализам. Внесувајќи дел од себе и во портретите и во автопортретите, ликовните уметници од Битола создаваат невообичаено интимно чувство на креативност кое на изложбата и дава специфичен белег и место во развојот на ликовната уметност.

Лиљана Христова
Историчар на уметност

# АПЧЕВСКИ СТОЈАН

Јорго Османо 15 а - Битола тел.: 233 - 161

1. Автопортрет I, молив, 50 x 70 см, 1998 год.
2. Автопортрет II, молив, 50 x 70 см, 1998 год.
3. Автопортрет III, молив, 20 x 35 см, 2000 год.
4. Автопортрет IV, молив, 20 x 35 см, 2000 год.



# АСИМ МУСТАФА

Истамбул, Турција

1. Портрет на Тоде Иваноски - Умртник, молив, 40 x 60 см, 1999 год.
2. Портрет на Низамедин Асим, акварел, 1999 год.



# ГЕГОСКИ КИРИЛ

Зеленик 2 - Прилеп тел.: 048/418 - 311

1. Портрет I, масло на платно, 29 x 29 см, 2001 год.
2. Портрет II, масло на платно, 23 x 23 см, 2001 год.



# ДИМОВСКИ СОТИР

Раде Илиев 3 б - Битола тел.: 46 - 041

1. Автопортрет, бронза
2. Портрет Милтон Манаки, гипс
3. Портрет Тоде Ивановски, гипс



# ДИМОВСКИ РИСТО

Кирил и Методиј 12 -Битола тел.: 221 - 778

1. Автопортрет, масло на платно, 26 x 18 см, 1974 год.
2. Портрет, масло на платно 48 x 34 см, 1972 год.



# ДУНИМАГЛОВСКИ БЛАГОЈ

Едвард Кардељ 3/33 - Битола тел.: 232 - 079

1. Портрет на Гордана, сув пастел, 1996 год.
2. Весна, сув пастел, 1992 год.
3. Мирјана, сув пастел, 1994 год.



# КАНИНСКА ОЛИВЕРА - ОЉА

Коле Канински 7 - Битола тел.: 231 - 722

1. Портрет, масло на картон, 68 x 41,5 см, 1992 год.



# КОТЕВСКИ ВЛАДЕ

Христо Узунов 16 - Битола тел.: 229 - 501

1. Марија, масло на платно, 50 x 55 см, 2001 год.
2. Марија, масло на платно, 39 x 54 см, 2001 год.
3. Маријан, масло на платно, 50 x 55 см, 2001 год.
4. Маријан, масло на платно, 40 x 35 см, 2001 год.



# КОЧЕВСКИ ДИМИТАР - МИЧО

Пецо Божиновски 46/II-7 - Битола тел.: 221 - 575, моб.:070/312 - 394

1. Портрет на ќерка ми, масло на панел, 27 x 32 см, 1974 год.
2. Портрет на госпогица, акрилик, платно, 47 x 54 см, 2001 год.
3. Портрет, масло на панел, 27 x 32 см, 1965 год.



# КОЧОВСКИ ИЛИЈА

Владимир Бакарич 50 - Битола тел.: 253 - 573

1. Автопортрет, масло на лесонит, 51,5 x 38,5 см, 1976 год.



# КУЗМАНОСКИ ПАВЛЕ

Димо Гавровски - Кара 84 а - Тетово тел.: 044/ 332 - 520

1. Портрет, масло на платно, 2001 год.
2. Сведок, масло на платно, 2001 год.



# НАЈДЕНОВСКИ ДРАГАН

Солунска 216 г - Битола тел.: 228 - 829

1. Автопортрет, масло на платно 45 x 50 см, 1994 год.
2. Портрет на Оливера - Оља, масло на платно 60 x 40 см, 1987 год.



# ПЕТРОВСКИ ПАНДЕ

Илинденска 7 - Битола тел.: 225 - 517

1. Милтон Манаки, масло на платно, 70 x 60 см, 1978 год.



# *ПОПОВСКИ АЛЕКСАНДАР*

Борис Кидрич 5/31 - Битола тел.: 41 - 114

1. Марина, акварел, 24 х 32 см, 2001 год.



# СОТИРОВСКИ АЛЕКСАНДАР

Михајло Андоновски 2/32 - Битола тел.: 258 - 759 ; Јане Сандански 18/18 - Скопје тел.: 02/462-405

1. Портрет на Гордана М., молив, 21 x 29 см, 2000 год.



*Издавач:*
*Друштво на ликовни уметници - Битола*
*За издавачот:*
*Драган Најденовски*
*Печати:*
*Печатница “АНС“ - Битола*
*Тираж:*
*500 примероци*

**ДРУШТВО НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ - БИТОЛА**
97000 БИТОЛА ул. СТОЛАРСКА б.б. тел. 097/ 48-018

БИТОЛА

**ASSOCIATION OF ARTISTS OF BITOLA**
97000 BITOLA st. STOLARSKA b.b. tel. 097/ 48-018

Design gk МИЧО K.D.-MICO